# НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ
Примено: 28. 10. 2009

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 07 | 11223 | | |

Сл. 0705

# ПЕЕЊЕ

ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

ТРИГОДИШНО ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2009

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02 и 82/08) и член 31 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по предметот *пеење* за тригодишното основно музичко образование.

## 1. ВОВЕД

Во деветгодишното основно музичко училиште, на наставниот предметот *пеење* можат да се запишат ученици кои наполниле 12-13 години.
Целта на наставата по пеење е на учениците да им се развие љубов кон пеењето и музиката, да се оспособат за изразно солистичко, камерно и хорско музицирање, естетско и емоционално вреднување на музичките дела поткрепени со музички знаења по однос на нивната содржина и форма. Учениците се обучуваат и стекнуваат знаења, навики и вештини за изведување на музичките дела и се оспособуваат за самостојна работа. Наставната програма за пеење треба да го оспособи ученикот технички да го совлада пеењето-гласот за понатамошно школување во средните и високите музички школи и да се изгради во добар сестран уметник.

- Неделен фонд: 2 часа по 45 минути, односно годишен фонд од 72 часа.
- Статус на предметот: задолжителен.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД II-III одделение

Ученикот/ученичката:

- да објаснува за инструментот – глас и неговите карактеристики и изразни можности;
- да се запознае со основите на дишењето – дијафрагма, теоретски и практично, со позиција и вокали;
- да усвои потребни знаења за мелодиско и ритмичко читање и пеење на нотен текст;
- да научи правилно да скалира – распејува;
- да ги запознае и проширува знаењата за изразните можности на гласот;
- да се здобие со искуство за пеење на нотен текст со посложена ритмичко-мелодиска структура;
- да стекне потребни знаења за правилна стилска интерпретација на музиката;
- да се опособува за соло и камерно музицирање;
- да придонесува за развивање на музичката меморија;
- да препознава нотен текст, музичи термини и ознаки;
- да развива способност за прецизно интонирање на тонска висина;
- да знае да репродуцира нотен текст (ритмички и мелодиски);
- да го развива внатрешниот слух;
- да ја развива музичката меморија;
- да стекне самодоверба во изведувањето на музичкиот текст;
- да се поттикнува за работа во дует и поголеми состави за заедничко хорско музицирање;
- да се развива интерес кон гласот и музиката;
- да демонстрира правилно држење на телото при пеењето;

- да развива способност за пеење мелодии и песни со разновидна ритмичко-мелодиска линија;
- да развива способност за прецизно интонирање на тонската висина;
- да развива способност за доживување и изразување на музиката;
- да го развива музичкиот вкус и критичкото мислење;
- да придонесува за негување на култувиран пријатен тон и чиста интонација;
- да придонесува за прифаќање на убавото во музиката;
- да стекнува љубов кон класичната музика;
- да формира работна култура;
- да стекнува сознанија за музичката култура во своето опкружување;
- да ја развива креативноста;
- да го открива и почитува сопственото музичко изразување и да го почитува музичкото изразување на другите;
- да ги разбира и прифаќа правилата на однесување во индивидуалните и во колективните музички активности.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО II ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да објаснува за инструментот – глас и неговите карактеристики и изразни можности;
- да се запознае со основите на дишењето – дијафрагма, теоретски и практично, со позиција и вокали;
- да демонстрира правилно држење на телото при пеењето;
- да дискутира за карактеристиките на тонот;
- да развива способност за прецизно интонирање на тонската висина;
- да се приспособува да развива опсек-распон на гласот;
- да дискутира за карактеристиките на тонот;
- да развива внатрешен слух;
- да развива чувство за ритам;
- да го разликува траењето на нотните вредности и паузи (цела, половина,четвртина и осмина);
- да се оспособува за музицирање во дует или хор;
- да објаснува за органите за дишење;
- да го демонстрира правилно дишењето при изведување на композиции во различно темпо и со различна динамика;
- да развива љубов кон вокалното пеење.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ТЕМА 1: ИНСТРУМЕНТ - ПЕЕЊЕ, НЕГОВИ КАРАКТЕРИСТИКИ И ТЕХНИКИ ( 52 часа ) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да објаснува за инструментот-глас;<br>-да ги набројува карактеристиките на гласот;<br>-да демонстрира правилен начин на отворање на устата;<br>-да разликува вокали и косонанти;<br>-да покажува како правилно се обликува устата;<br>-да демонстрира како правилно се изговара текстот;<br>-да демонстрира правилен пеајчки став; | Запознавање со инструментот-глас | Инструмент-глас<br>Инпостација<br>Вокали<br>Артикулација<br>Дикција | - Разговор за поврзаноста на говорот, поезијата и музиката.<br>- Демонстрирање на правилен начин на отворање устата.<br>- Демонстрирање како се формираат вокалите и правилен изговор притоа користејќи огледало за да се добие правилна и појасна слика за поставување на телото, мимиката на лицето и воочување на грешките. |
| -да дискутира за карактеристиките на тонот;<br>-да развива способност за прецизно интонирање на тонската висина;<br>-да разликува боја на глас (темна, светла, метал); | Тон и неговите карактеристики | Интонација<br>Тон (јачина, траење, висина и боја)<br>Боја (темна, светла, метал)<br>Видови гласови (машки, женски, детски);<br>Опсек-распон; | - Пеење на лесни вежби со прецизно интонирање на тонските висини.<br>- Пеење наставник-ученик со воочување на разликата помеѓу возрасен глас (оформен) и детаски глас; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да развива прецизна слика за себе следејќи ја бојата на гласот;<br>-да ги препознава другите гласови;<br>-да се приспособува да развива опсек-распон на гласот;<br>-да објаснува за музичката писменост; | | Имиња на тонови;<br>Виолински клуч. | - Посета на концерти каде ученикот ќе има можност за споредува боја и видови на гласови.<br>- Дискусија по посета на концертот за видови на гласови.<br>- Пеење на разни вежби со можност за проширување на распонот на гласот.<br><br>Методи:<br>- монолошка<br>- дијалошка<br>- демонстративна |
| -да се приспособува преку слушање музика да одржува чиста интонација;<br>-да развива внатрешен слух;<br>-да ја развива музичката меморија; | Звучен приемник-уво. | Увото - звучен приемник<br>Воздухот - звучен пренесувач | - Слушање познати и лесни композициии;<br>-демонстрирање како се пренесува музиката од устата во увото преку најчест звучен пренесувач воздухот;<br>-демонстрирање звучен извор кон звучен приемник поврзан преку звучен пренесувач-воздухот (наставник-ученик). |
| -да се приспособува да слуша композиции со воочување на динамичко нијансирање; | Пеење и слушање на композиции, воочувајќи ги динамичките нијансирања | Силно-форте(ф)<br>Тивко-пијано(р)<br>Крешендо - постепен премин од потивко кон посилно<br>Декрешендо - постепен премин од посилно во потивко | |
| - да демонстрира правилен начин на презентација на атака; | Пеење на атака, односно почетокот на звукот – фон | Атака (мека, тврда, придушена) | - Пеење на лесни мелодиски мотиви со цел истите да се |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | повторат автентично.<br>- Изведување на динамичките нијансирања и согледување на нивната разлика;<br>- Демонстраторски метод преку вокали за почеток на тонот- објаснување на атака. |
| - да објаснува за различни техники на артикулација на тонот;<br><br>- да развива способност за меморирање на мелодија со зададен нотен и текст во оригинален јазик;<br><br>- да ги користи правилно сите елементи за правилна интерпретација при пеењето;<br>- да демонстрира вокална интерпретација на зададени мелодии со одредена стилска мотивација; | Со пеење да се објаснат различните видови на артикулација на тонот | - Артикулација:<br>- легато<br>- стакато<br>- глисандо и друго<br>- текст:<br>- вокализи со солмизација<br>- вокализи со текст<br>- италијански<br>- германски | - Демонстраторски метод - преку вокали каква треба да биде-атака (посочување дека меката атака е најубава и најкористена во пеењето).<br><br>- Преку слушање и демонстрирање следи разговор за видовите на артикулација (посочување дека легатото е најчест, најубав облик на тонската артикулација);<br>-запознавање и  читање на текст на зададена композиција;<br>(доколку е на друг јазик следи превод). |
| - да дискутира за темпо;<br>- да се приспособува да интерпретира  во соодветно темпо;<br>- да се приспособува за правилен контакт со пијано придружба; | Темпо | - Брзо<br>- Бавно<br>- Умерено | - Слушање лесни композиции со воочување на соодветното |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се оспособува за музицирање во дует или хор; | | | темпо следејќи го текстот, повторно слушање следејќи го текстот и карактерот на самата мелодија.<br>- Посета на концерти или јавни часови со пијано придружба. |
| - да развива чувство за ритам;<br>- да покажува правилно броење и тактирање;<br>- да се приспособува за рамномерна пулсација;<br>- да разликува дводелен и триделен метар; | Ритам.<br>Рамномерна пулсација,<br>Дводелност (прва, втора);<br>Триделност (прва, втора, трета). | - Пуслација<br>- Парлато | - Посета на концерти (хорски состав или камерен состав).<br>- Дискусија за овој вид на музиката како составен дел на пеењето.<br><br>- Парлато расчитување на композициите. |
| -да ги препознава нотните вредности и паузи;<br><br>-да го разликува траењето на нотните вредности и паузи (цела, половина, четвртина и осмина);<br>-да се приспособува да ги користи нотните вредности и паузи. | Нотни вредности:<br>Цела нота<br>Половина нота<br>Четвртина нота<br>Осмина нота<br><br>Цела пауза<br>Половина пауза<br>Четвртина пауза<br>Осмина пауза | Цела нота<br>Половина нота<br>Четвртина нота<br>Осмина нота<br><br>Цела пауза<br>Половина пауза<br>Четвртина пауза<br>Осмина пауза | - Пеење на еден вокал (запознавање со траењето на нотните вредности и паузи)<br>- Изведба на вежби каде се застапени нотни вредности и паузи (цела, половина, четвртина и осмина) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Методи:<br>- монолошка<br>- дијалошка<br>- демонстративна |

| ТЕМА 2: ДИШЕЊЕ И НЕГОВАТА ПРИМЕНА ВО ПЕЕЊЕТО ( 20 часа ) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичкатаЧ<br>-да објаснува за органите за дишење;<br>-да ги именува органите за дишење;<br>-да се изразува со сопствени зборови за функцијата на органите за дишење;<br>-да разликува мускули: (градни, абдоменални, меѓуребрени);<br>-да ги употребува органите за дишење;<br>-да дискутира за BEL CANTO пеење; | Дишење<br><br>Органи за дишење<br><br>Дишење на нос и уста<br><br>BEL CANTO пеење | - Дијафрагма<br>- Бели дробови<br>- Душник<br>- Мускули (градни, абдоменални, меѓуребрени)<br>- BEL CANTO (убаво пеење) | - Објаснување (преку слика или видеозапис) за дијафрагмата како орган за поставување на тонот;<br>-разни вежби за правилна примена на дијафрагмата;<br>-вежби за правилно земање на воздух;<br>-објаснување за BEL CANTO пеење;<br><br>- вежби за различни видови на темпо:<br>брзи темпа - краток дах,<br>бавни темпа - широк дах (начинот на активноста е ист), земање на воздух преку нос, а испуштање на воздух преку уста. |
| -да објаснува за органите кои го формираат тонот;<br>-да ги именува органите кои | Органи за формирање на тонот | Гласни жици:<br>- грклан (прстенеста, | - Објаснување (преку слика или видеозапис) за органите |

| | | | |
|---|---|---|---|
| го формираат тонот;<br>-да се изразува со сопствени зборови за функцијата на органите кои го формираат тонот;<br><br>-да објаснува за органите за обликување на тонот;<br><br>-да ги употребува и воспостави координирана работа преку органите за дишење со органите за обликување и формирање на тонот;<br>-да демонстрира правилен начин на дишењето;<br>-да демонстрира правилно дишење при изведување на композиции во различно темпо. | Органи за обликување на тонот | епиглотна<br>и штитна рскавица),<br>- душник<br><br>- Усна празнина<br>- Усни<br>- Заби<br>- Тврдо, меко непце<br>- Јазик<br>- Ресичка<br>- Крајници<br>- Ждрело | кои го формираат тонот.<br><br>- Објаснување (преку слика или видеозапис) за органите за обликување на тонот.<br><br>- Изведба на разни вежби за правилен начин на дишење.<br><br>Методи:<br>- монолошка<br>- дијалошка<br>- демонстративна |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Учениците да го чуваат своето здравје, да се трудат да одржуваат исправен став при пеењето, вежби за развој на градниот кош, целни вежби за развој на градниот кош, дијафрагмата и др. Слушање познати вокални дела, како и посета на опера и други музички манифестации.

Препораки за користење на годишниот фонд на часови (ориентационо планирање на наставните часови по наставни теми и целини):

- Тема I - запознавање со инструментот – глас 2 часа
- Тема II – вокализи со солнизација 15 часа
- Тема III – вокализи со текст 15 часа
- Тема IV – стари мајстори 15 часа

- Тема V – лид 10 часа
- Тема VI – композиции со клавирска придружба 15 часа.

Наставни средства:

- пиано,
- учебници по избор на наставникот,
- посета на концерти и други музички манифестации,
- интернет – образовни софтвери,
- списанија,
- аудио-визуелни средства.

**ЛИТЕРАТУРА ЗА РАБОТА II одделение**

- J.Конконе: вежби бр.2,3,4,5,6,7,и 10.Ф. Абт и други.
- Н.Вакаи - вокализи бр.2,3,4,6 и 10 и други.
- Пеење на стари мајстори: Паизиело, Скарлати, Калдара и други.
- Лид: полесни соло песни од Шуберт, Моцарт, Брамс, Глинка и други.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Постигнувањата на учениците се оценуваат континуирано во текот на целата година. Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигнувањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и слично.

Наствникот ја оценува способноста на ученикот со аналитички приод во извучувањето на дадените музички дела; техника на извадба на дадените музички дела и нивната уметничка интерпретација. За секое тромесечие се добива оценка за поминатиот материјал, според критериумите за оценување на учениците по овој предмет.

Оценувањето се врши со помош на континуирано следење на напредувањето на ученикот на редовноите часови, јавни часови на настапи, концерти, натпревари и годишни испити по пеење.

Ученикот кој ќе покаже незадоволителни резултати во поглед на техничко-уметничка интрерпретација на музичките дела и нема да го реализира предвидениот задолжителен матреијал по предметот се упатува на поправен испит.

**Годишен испит во месец јуни:**

II одделение

Една вокализа со солнизација,
Една вокализа со текст,
Еден стар мајстор.

III одделение

Една вокализа со солнизација,
Една вокализа со текст,
Еден стар мајстор,
Еден романтичар.

Професорот има право да ја креира и прилагоди наставата по пеење според можностите и спецификите на гласот на ученикот.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ

Целите и задачите на наставниот предмет пеење ќе се реализираат во кабинет за индивидуална настава опремен со потребните наставни и нагледни средства според нормативот за музичкото училиште.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Завршен VII/1 степен – факултет за музичка уметност, вокално-инструментален оддел, инструмент соло пеење.
Наставникот треба да има стекнато педагошко-психолошка и методка подготовка и положен стручен испит.

## 9. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот треба правилно да е поставен (држење на телото), правилно да дише, правилно да го импостира гласот и да ја изведува програмата напамет со придружба на корепетитор.

## ПОТПИС И ДАТУМ НА УТВРДУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по пеење за тригодишното основно музичко образование, на предлог на Бирото за развој на образованието ја утврди

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 10-3262/2
20-10-2009 200__ год.
СКОПЈЕ

________________2009 година

Скопје

Министер

______________________________

Никола Тодоров